TIKVEŠ

SINCE 1885

Веруваме дека луѓето се клучен фактор за врвни достигнувања и за успехот на една компанија. Успешната приказна за нашата компанија ја градиме со децении, континуирано вложувајќи во технологија, производство, развој и унапредување на човечките ресурси.

Денес винарската визба „Тиквеш" ја создава приказната за македонското вино во светот, прераснувајќи во клучен двигател на македонската индустрија за вино. Со цел да ја продолжиме оваа мисија, потребни ни се луѓе кои ја делат нашата посветеност и страст.

- Доколку сакате да придонесете за понатамошниот развој на еден од најиновативните и најперспективните вински брендови
- Доколку не можете да одолеете на приказната за виното и подготвени сте да бидете дел од една од највозбудливите индустрии за пијалаци
- Доколку сакате својот понатамошен професионален развој да го градите во динамична средина, исполнета со интересни предизвици

... придружете се на нашиот тим и аплицирајте за отворената работна позиција:

## ПРОДАЖЕН АСИСТЕНТ ВО ПРОДАВНИЦА
-Скопје -

**Потребни квалификации:**
·Средно образование
·Познавање на англиски јазик
·Основни компјутерски вештини

**Профил на кандидатот:**
·Професионалност и деловна култура
·Самоиницијативност и флексибилност
·Организираност и посветеност на детали

**Клучни одговорности:**
·Прием, складирање и правилно изложување на готови производи во рамките на продажниот објект
·Водење грижа за постојано дополнување на асортиманот на производи во продавницата
·Асистирање на купувачите при донесување на одлука или пронаоѓање на конкретен производ
·Креирање на соодветна документација при прием, складирање и утовар на готов производ
·Контрола врз квалитетот на готовите производи и нивното складирање и чување во продажниот објект

Изборот на кандидатите ќе се направи по јасно утврдени критериуми, по пат на тестирање интервјуирање на кандидатите.

Ако сте заинтересирани и верувате дека ги исполнувате потребните услови, може да аплицирате на следниот ЛИНК најдоцна до 13.02.2023 година.